Објава на „Финален извештај за Методологија за модел на трошоци за слободно емитување (FTA) (free to air) услуги преку дигитална терестијална ДТТ платформа и пресметка на WACC “.

Почитувани,

АЕК на ден 19.11.2015 година, на својата веб страна објави соопштение со кое ги информираше заинтересираните страни дека отпочнува со процесот на развој и имплементација на Методологија за модел на трошоци за слободно емитување на услуги преку дигитална терестијална платформа и Методологија за пресметка на WACC, за контрола на цени на оператор со значителна пазарна моќ на релевантен пазар 13, дефиниран во Одлуката за утврдување на релевантни пазари подложни на претходна регулација.

Методологијата се развиваше во соработка со Аналусис Мејсон- Италија врз основа на договор за консултантски услуги, склучен врз основа на постапка за јавна набавка.

АЕК на ден 11.12.2015 година, на својата веб страна објави „Почетен Извештај за Методологија за модел на трошоци за слободно емитување на услуги преку дигитална терестијална платформа и Методологија за пресметка на WACC“.

Нацрт Извештајот е дополнение на претходно објавениот Почетен извештај, и истите треба да се разгледуваат последователно.

АЕК на ден 08.03.2016 година, на својата веб страна објави:

1. „Почетен Извештај за Методологија за модел на трошоци за слободно емитување на услуги преку дигитална терестијална платформа и Методологија за пресметка на WACC“.
2. „Нацрт извештај за Методологија за модел на трошоци за слободно емитување (FTA) (free to air) услуги преку дигитална терестијална ДТТ платформа и пресметка на WACC “

АЕК на ден 20.04.2016 година одржа состанок во согласност со член 13 од ЗЕК на кој ги покани сите заинтересирани страни да ги изразат своите гледишта и ставови во врска со објавениот предмет на јавната расправа.

АЕК на ден 05.05.2016 година, на својата веб страна објави „Финален Извештај за Методологија за модел на трошоци за слободно емитување на услуги преку дигитална терестијална платформа и Методологија за пресметка на WACC“ во кој се содржани резултатите за цена за емитување на национално и регионално ниво, како и вредноста на пресметаниот WACC.

Со почит,

1. Владимир Ристески - координатор на работната група
2. Васка Петровиќ – член
3. Биљана Тошевска – член
4. Мирјана Болиновска – член

**Директор**
**Сашо Димитријоски**

Наш број: 1302-262/12
Скопје 05.05.2016